**Дополнителна иформација од агенцијата за супервизија на осигурување во врска со преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста covid 19 (корона вирус)**

**Имајќи ги предвид дополнителните мерки на Владата согласно акциониот план од Главниот штаб за управување со кризи за превенција и справување со појавата и ширењето на Коронавирусот, Агенцијата за супервизија на осигурување на 16 март донесе дополнителни дејствија и активности:**

**– Архивата ќе работи со скратено работно време, секој ден од 10-14ч (понеделник-петок).**

**– За упатување прашања, консултации и дописи до Агенцијата за супервизија на осигурување, препорачуваме да не се доаѓа лично во просториите на Агенцијата, тоа може да го направите преку редовна пошта и на е-адресите contact@aso.mk, izvestai@aso.mk, pretstavki@aso.mk, ukazuvaci@aso.mk или на телефонскиот број на архива 02/3254 050 и следните телефонски броеви:**

- **Дирекција за работи непосредно поврзани со Советот на експерти, 072 263 624**
- **Стручна служба за супервизија, 075 364 685**
- **Стручна служба за регулатива и лиценцирање070 336 615**
- **Стручна служба за општи и административни работи, 076 446 013**

**Во врска со известувања кои Субјектите ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување преку електронскиот систем за известување АСО Портал потребно е да бидат истовремено поднесени и на е-адреса izvestai@aso.mk. Известувањата треба да бидат во форма и содржина како што се прикачени на АСО Порталот.**

**Агенцијата за супервизија на осигурување ќе продолжи со непречено спроведување на своите надлежности на начин на кој ги организира вработените да продолжат со работа од дома и доколку се укаже потреба да дојдат на работното место во определениот временски период од 10-14ч.**

**Агенцијата за супервизија на осигурување на редовна основа го следи и анализира влијанието од ризикот од ширење на болеста COVID 19 (корона вирус) и согласно потребите ќе презема дополнителни мерки и активности.**